# Индекс на економска конкурентност 2009-2010

Светски економски форум

**Република Македонија** 09.09.2009, Скопје

**Ранк: 84 од 133**
**Индекс: 3,95**




Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје ја има честа да објави дека македонската економија се движи во нагорна насока и станува поконкурентна.

Имено, Република Македонија го подобри својот рејтинг и од вкупно 133 земји се најде на 84. место, со индекс 3,95, на компаративната листа на најконкурентни економии за 2009-2010 година, објави денеска Светскиот економски форум.

Меѓу првите поранешни југословенски земји е Словенија, на 37. место, со индекс 4,55. Словенија минатата година беше на 42. место.

Црна Гора исто така постигна напредок и од 65. се искачи на 62. место, со индекс од 4,16.

Хрватска, Србија и Босна и Херцеговина бележат пад. Хрватска од минатогодишното 61. место падна на 72., а нејзиниот компаративен индекс изнесува 4,03.

Србија забележа пад од осум места и е на 93. место, а Босна и Херцеговина се најде на 109. место и е за две места послабо рангирана во однос на претходната листа.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

На овогодинешната листа на конкурентност забележливи се промени и на самиот врв. САД, поради слабеењето на финансискиот пазар и макроекономската стабилност, водечката позиција и ја препуштија на Швајцарија.

Сингапур е на трето место, а потоа следат Шведска и Данска. Во првите десет земји се најдоа и Финска, Германија, Јапонија, Канада и Холандија

* * * *

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk